Драги колешки, колеги и почитувани гости,

Пред точно 5 години, во Универзалната Сала во Скопје, во присуство на повеќе од илјада делегати, гости, членови, со силна медиумска покриеност, се одржа Основачкиот Конгрес на Конфедерацијата на слободни синдикати. КСС се оформи како резултат на стремежот, да се формира реформиран и модерен синдикат, кој за прв пат во Македонија ќе биде вистинскиот репрезент на потребите на своите членови, а се формираше со задача да обезбеди нова и вистинска опција за работниот човек. Основањето и формирањето на КСС, всушност, беше реализација на потребната темелна промена и нова насока во синдикалното движење во Македонија, со цел, да се врати надежта на работниците во просперитетот и да се врати почитта кон трудот. Денес го одбележуваме пет- годишниот јубилеј и од оваа перспектива, може слободно да потврдиме дека имаме многу постигнато (за кое подоцна ќе биде истакнато), а и поради самиот факт што опстоивме во овие тешки времиња. Затоа мораме да бидеме многу горди на постигнатото и поради тоа што воопшто не отстапивме од она што тогаш го ветивме пред членството.

Синдикатите – основачи, КСС ја најавивме како нова надеж на синдикалното движење во Македонија и пред своите членови дадовме ветување дека ќе донесеме вистински и темелни промени во синдикалното движење, со мисија да се врати просперитетот и вербата во трудот. Пред пет години дадовме збор дека ќе изградиме модерен мултиетнички синдикат, кој својот легитимитет го црпи исклучиво од своето членство. Формирањето на новата синдикална организација беше силно поддржано и од меѓународното синдикално семејство, но и доживеа огромна поддршка, како од работниците и граѓаните во нашата земја, така и од медиумите.

Предизвиците беа огромни, исто како и опструкциите, пречките и игнорантскиот однос од институциите, кои уште повеќе ни ја отежнуваа работата. Чекавме цели 4 месеци да се регистрираме и моравме да ја доставиме секоја поединечна пристапница за да бидеме регистрирани. Но, тогаш им докажавме дека имаме членство онолку колку што тврдевме, а со тоа се стекнавме со статус – прв синдикат кој што воопшто докажал репрезентативност, согласно строгите критериуми од ЗРО. Оттаму, во Јануари 2008 година, КСС го потпиша Општиот КД за јавниот сектор,што претставуваше голем успех за нашата Конфедерација.

Гранските синдикати - основачи на КСС кои здружено решија отворено да се спротивстават на квази синдикализмот, кој беше доминантен во тоа време, беа изложени на невидени притисоци од сите страни. Заспаната синдикална реалност, предводена од лидери кои повеќе не знаеја за кого постојат и пред кого одговараат за своите постапки, само им одеше во прилог на работодавачите и власта. Кога синдикатите, како СОНК навистина за прв пат го кренаа гласот против непочитувањето на законските прописи и права на своите членови, тогаш се соочија со невиден отпор на спрегата на моќ помеѓу власта и работодавците, кои возвратија со сите расположливи средства. Настаните поврзани со штрајковите и протестите на СОНК многу добро ни се познати на сите и се надеваме дека нема да се повторат.

Оттогаш наваму се променија состојбите на синдикалната сцена. Донесени се нови измени и дополнувања на Законот за работни односи, кои се однесуваат на синдикатите и наложија конечно да се легитимираме како синдикати – односно, сите синдикални организации да се пребројат и по завршувањето на оваа постапка, која од разбирливи причини на многу синдикати не им беше по волја, вистината за синдикалната реалност стана јавна. КСС доби повеќе решенија за репрезентативност – на национално ниво, за јавниот сектор и пет грански синдикати се стекнаа со статусот репрезентативни, што им даде отворена врата за преговори за колективни договори со работодавците. Тие синдикати се:Самостојниот синдикатот за образование, наука и култура (СОНК), Самостојниот синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија(ССЕРИ), Самостојниот синдикат на вработените во одбраната (ССВО), Синдикатот за транспорт и врски (СТВ) и Синдикатот на станбено- деловни и комунални организации (ССКО), како и Синдикатот за администрација и државна управа (САДУ), кој е репрезентативен синдикат во делот на задолжително осигурување, но не доби решение, од причини што, со одлука на Уставниот суд на РМ е поништен членот од ЗРО, во кој е содржан составот на Комисијата за утврдување репрезентативност.

Со новите измени на ЗРО, исто така конечно профункционира телото за кое КСС се залагаше уште од основањето – Економско- социјален совет, советодавно тело, кое, одамна е практика во земјите западна Европа. КСС, заедно со ССМ, е рамноправен член во него. Ова, всушност значи дека, се што претставува легислатива од економско- социјалната сфера, што има директно влијание на добросостојбата на нашите членови, мора да биде дискутирано во рамките на ова тело. Тука мора да истакнеме дека, по смената на лидерот во ССМ, се воспостави и многу подобра соработка, со што, уште од самиот почеток на профункционирањето на ЕСС, двата синдиката настапуваат заеднички со изнесувања на заеднички ставови.

Но сепак, уште од самиот почеток на функционирањето на ЕСС наиде на одредени пропусти, односно, одредени предлози на законите кои се од економско- социјалната сфера,не се најдоа на масата на ЕСС. Во иднина, се надеваме дека овие пропусти нема да се повторат и ќе бидат единствен случај, бидејќи праксата на ефикасен и транспарентен социјален дијалог нема да се случи, доколку за тоа не постои волја од сите страни. Доколку и понатаму се практикува истото, КСС ќе се залага и ќе даде голем придонес тоа да не се повтори.

КСС продолжува да се движи по истиот курс за кој се определи уште во самиот почеток- блискост до членовите, отвореност за комуникација, демократија во организирањето на синдикатите и одлучувањето и заштита на достоинството и правото на работа. КСС, во овој момент нуди голема демократија во организирањето на гранските синдикати и синдикалните организации на ниво на претпријатија, а воедно се одликува со отвореност и лесен пристап за комуникација со раководните структури. Како потврда на ова, а исто така и дека сме на вистинската патека, е и подемот на КСС кој е видлив, како по бројот на членовите, така и по бројот на гранските синдикати, кој од ден

на ден се зголемува, а воедно расте и интересот за зачленување во КСС. Да потсетиме дека КСС беше формирана од четири, а денес во својата организација има 10-тина грански синдикати.

КСС е активен учесник во регионалните активности на Европската и Светската конфедерација на синдикати. И оваа година како и минатата, клучна тема на повеќето настани беше олеснување на последиците на глобалната економска криза за нашите членови. Оваа година многу наши активисти земаа учество во подготвувањето на платформи и стратегии за поголема социјална правда и задржување на достоинството на работа. КСС е членка на Форумот на синдикати од ЈИЕ и Пан- европскиот совет на Меѓународната конфедерација на синдикати. Вклучени сме и во тековните национални проекти на МОТ со Македонија – за јакнење на колективниот дијалог на гранско ниво, како и Програмата за пристојна работа, која е во соработка со регионалната канцеларија на МОТ во Скопје.

КСС е членка на заедничкиот европски Економско- социјален консултативен комитет, кој претставува заедничко консултативно тело, кое освен социјалните партнери, ги инволвира и претставниците на граѓанското општество. Ова тело функционира по начелата на ЕУ и претставниците од РМ се рамноправни членови, како и претставниците од земјите- членки на ЕУ.

Поголемиот дел од нашите грански синдикати се признаени и активни членки на своите глобални синдикални федерации и учеснички во секторските акции за подобрување на положбата на своите членови, а истовремено се очекува и брз прием на уште неколку грански синдикати. Исто така, тие имаат активно учество во работата на гранските синдикални организации во европски и светски рамки.

Секцијата на млади на КСС изминатава година беше особено активна во едукативните активности преку низа семинари и работилници на своите членови, што наиде на исклучително позитивен одек, посебно бидејќи младите синдикалисти како категорија имаат свои специфики по однос на интересите и проблемите со кои се судруваат. Ова, пред се е значајно во насока на придобивање на младите за нивно зачленување во синдикатот.

Секцијата на жени, пак, веќе втора година по ред организира едукација во делот на антидискриминацијата и мобингот, но и по други теми по избор на нашите членки, каде што уште од самиот почеток на функционирањето на секцијата, наиде на голем интерес за учество на семинарите и работилниците.

Во ова исклучително тешко време за работниците, кога цела Европа е на нозе и штрајкува против строгите мерки на штедливост на своите влади, во состојба, кога стотици илјада работни места се загубени, кога имаат драстични скратувања на доходите, кога не се почитува слободата на колективното преговарање, КСС се залагаше да обезбеди подобри услови за работа на своите членови. Борбата ја водевме, а и понатаму ќе ја водиме во насока на зачувување на постојните работни места на нашите членови, што е посебно тешко во земја,која има една од највисоките стапки на невработеност. Тука мора да истакнеме дека, без разлика што членството во КСС е од јавниот

сектор, не се соочи со отпуштања од работа или со намалување на платите, како што беше во земјите во нашето опкружување. Сепак, ќе биде неблагодарно ако кажеме дека тоа е само наш успех, бидејќи и Владата на РМ има голем удел во тоа, со примената на правилната политика за оваа проблематика.

КСС и во иднина останува на својот курс- регрутирање на нови членови посебно во приватниот сектор, потпишување на КД, онаму каде ги нема и поголемо почитување на истите од страна на работодавците.

Согласно донесените резолуции од нашиот Втор Конгрес одржан во 2007, КСС продолжува да се залага за реализација на овие резолуции, односно донесување нови закони, кои ќе бидат како посебни закони за синдикатите, колективното преговарање, штрајк и минимална плата. Но не само тоа, туку КСС ќе се залага за што поскора имплементацијата на европските директиви во македонското законодавство. Исто така, КСС нема да отстапи од заложбата за правична поделба на синдикалниот имот, кој во овој момент го користи и со него стопанисува само еден синдикат.

КСС и понатаму ќе вложува огромен напор за подобрување и јакнење на социјалниот дијалог на сите нивоа, промовирање на колективното договарање и потпишување на колективните договори, посебно во приватниот сектор.

Навистина, не би сакал во овој момент да зборувам околу идните одредници, бидејќи тие се содржани во програмската декларација на КСС, која е донесена токму на основачкиот конгрес.